РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА,
ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE E
DEMOGRAFISË DHE E TË RINJVE - SHKUP
Бр. / Nr. 02-2575/2
21-03-2025 20 год. / viti

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
Бр. 03-404/4
20.03. 2025 год.
ГЕВГЕЛИЈА

УРБАН ПЛАН КОНСТРУКТИОН УПЦ
URBAN PLAN CONSTRUCTION UPC
ДООЕЛ експорт-импорт Тетово
01-2/72 21.03. 2025 год.

**Анекс за регулирање на вишоци/кусоци на Договор за изведување на градежни работи за доградба на објекти за детска градинка во Општина Гевгелија со зав.арх.бр. во МТСП 02-760/1 од 18.01.2023год., со зав.арх.бр. во Општина Гевгелија 03-128/1 од 23.01.2023год. и со зав.арх.бр. кај носителот на набавката 01-7/1 од 05.01.2023год.,**

**Анекс** со зав.арх.бр. 02-1018/18 од 11.04.2024год., 03-575/1 од 11.04.2024год. и 01-2/53 од 11.04.2024год., **Анекс** со зав.арх.бр. 03-1018/40 од 05.07.2024 год., 03-575/2 од 17.07.2024год. и 01-2/101 од 05.07.2024год., **Анекс** со зав.арх.бр. 02-1018/48 од 15.08.2024год., 03-575/3 од 27.08.2024год и 01-2/118 од 15.08.2024год., **Анекс** со зав.арх.бр. 03-1018/64 од 07.10.2024год., 03-575/6 од 07.10.2024год. и 01-2/144 од 07.10.2024год.

1. **Министерство за социјална политика, демографија и млади** со седиште на ул. Даме Груев, бр.14 Скопје, претставувано од Министер Fatmir Limani, во понатамошниот текст, „Договорен орган“ од една страна,
2. **Општина Гевгелија** со седиште на ул. Димитар Влахов, претставувана од страна на градоначалникот Андон Сарамандов, во понатамошниот текст: Нарачател (член на групата нарачатели), и
3. **Друштво за производство, градежништво, транспорт, угостителство, трговија и услуги УРБАН ПЛАН КОНСТРУКТИОН УПЦ, експорт – импорт Тетово**, со седиште на ул.Борис Кидрич бр.82/3, Тетово, застапувано од овластено лице Берат Шахсивари (во понатамошниот текст: Носител на набавката – Изведувач.

**Член 1**

Договорните страни го склучуваат овој Анекс на Договор врз основа на член 40 и член 68 од Договорот за изведување на градежни работи за доградба на објект за детска градинка во Општина Гевгелија и член 119 став 1 точка 3 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ” бр.24/2019, „Службен весник на РСМ” бр.87/2021 и „Службен весник на РМ” бр.14/2025).

**Член 2**

Предмет на овој Анекс е изменување на одредбите од Договорот за изведување на градежни работи за доградба на објект за детска градинка во Општина Гевгелија со МТСП архивски број 02-760/1 од 18.01.2023 година, архивски број на Носителот на набавката 01/7 од 05.01.2023 година и архивски број на Општина Гевгелија 03-128/1 од 23.01.2023 година.

Овој Анекс, се склучува во времетраењето на основниот договор по претходно доставено барање од лице одговорно за следење на реализацијата на договорот со арх.бр. 05-687/11 од 06.03.2025 година, по претходно доставено барање од Изведувачот со арх. број 01-2/181 од 02.12.2024 година и арх.бр. 03 – 687/1 од 22.01.2025 година заверено кај МСПДМ; за регулирање на појавени вишок/кусок количини на работи и потврдени од страна на Надзорен орган согласно доставено мислење со арх. број 0302-72/1 од 12.02.2025 година и арх. број 03 – 687/6 од 20.02.2025 година заверено кај МСПДМ.

**Член 3**

Со овој Анекс на договорот се уредуваат вишоците односно кусоците на работи со кои се надминува договорената вредност на договорот кои произлегуваат при реализација на градежните активности. Изведуначот во текот на реализација на градежните активности писмено го известувал Нарачателот преку Надзорниот орган со објаснување на нивната неопходност со секоја времена ситуација со Записник за вишоци. Врз основа на прилози (табели) доставени со завршната ситуација, констатирано е надминување на вишоците во однос на кусоците во вредност од 1.956.576.48 денари без ДДВ. Вредноста на ДДВ за истите изнесува 352.183,77 денари или вкупно вредноста со пресметан ДДВ изнесува 2.308.760,25 денари. Со оваа вредност на вишок на количини се надминува и вредноста на основниот договор, за која се склучува овој анекс.

**Член 4**

Врз основа на овој Анекс за регулирање на вишоци/кусоци и Анекс за непредвидени работи со арх.бр.03-1018/64 од 07.10.2024 година заверен кај МСПДМ, со арх.бр. 01-2/144 од 07.10.2024 година кај Носител на набавка и арх.бр. 03-575/6 од 07.10.2024 година кај општината; членот 2 од основниот договор се менува и гласи:
„Изведувачот, работите наведени во член 1 од основниот Договор, ги изведе во вкупна вредност од 44.997.836,18 денари без ДДВ. Вредноста на ДДВ за овој износ изнесува 8.099.610,51 денари. Вкупниот износ на договорот со ДДВ изнесува изнесува 53.097.446,69 денари".

**Член 5**

Вкупното надминување на вредноста на основниот договор поради непредвидени работи и вишоци односно кусоци на работите е во согласност со чл.41 од основниот договор и истото изнесува 8,13% од вредноста на основниот договор.

**Член 6**

Согласно член 42 од основниот договор, Носителот на набавката е должен на Договорниот орган да му достави дополнителна банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во висина од 15% од вредноста на овој Анекс Договор.

**Член 7**

Останатите одредби од основниот Договор остануваат непроменети.

**Член 8**

Овој Договор влегува во сила со денот на неговото потпишување од сите договорни страни.

**Член 9**

Овој Договор е составен во 6 (шест) примероци, од кои по 2 (два) примероци за секоја договорна страна.

Министер
Fatmir Limani

Градоначалник
Андон Сарамандов

Управител
Берат Шахсивари

Изработил: Теодора Васиќ Петровска, Советник
Согласен: Љубица Панова, Раководител на сектор
Одобрил: Fatmir Sabriu, Државен секретар